Народниот правобранител-Национален превентивен механизам (НП како НПМ) на **19.11.2013** година спроведе посета во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје (Топанско Поле). НПМ ја спроведе посетата придружуван од надворешен соработник -дефектолог, согласно Меморандумот за соработка потпишан помеѓу Народниот правобранител на РМ и Сојузот на дефектолози на РМ.

НПМ спроведе ***редовна ненајавена посета*** на Заводот за рехабилитација Скопје, во рамки на мандатот и надлежностите кои произлегуваат од Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување и Законот за народниот правобранител.Во Факултативниот протокол кон Конвенцијата против тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување е утврдено дека лишување од слобода значи било која форма на притвор или затворање, или задржување на лица во јавни или приватни капацитети во кои на лицето не му е дозволено своеволно да ги напушти, а по наредба на судски, административен или друг орган.

Согласно член 11-а Народниот правобранител обезбедува посебна заштита на правата на децата, лицата со посебни потреби и на лицата кои се предмет на тортура или друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување или казнување, а согласно член 31-а Народниот правобранител за реализација на активностите врши редовни и ненајавени посети во органите, организациите и установите во кои слободата на движење е ограничена за што подготвува посебен извештај.

Посетата на Заводот се спроведе во неколку чекори. Тимот на Националниот превентивен механизам на почетокот од посетата оствари средба со директорот на Јавната установа, потоа беше спроведен увид на сместувачките капацитети, изврши увид во останатите заеднички и помошни простории (трпезарија, кујна и сл), и по случаен избор беа прегледани некоку досиеа за корисниците како и друга евиденција која се води во јавната установа за рехабилитација.

ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци – Скопје е Републичка установа од јавен интерес и е во мрежата на Јавни установи од социјален карактер. Основна дејност на Заводот за рехабилитација на деца и младинци е обезбедување на рехабилитационо – корективен третман на деца и младинци со умерени, тешки и комбинирани пречки во интелектуалниот развој. Лицата се примаат во Заводот со решение од Центар за социјална заштита. Во изминатиот период се повеќе се примаат корисници со комбинирани пречки и без родителска грижа, а исто така и без адаптивен период што ја отежнува работата на стручните лица посебно во делот на здравствената заштита, бидејќи околу 25 корисници секојдневно се на медицинска терапија, а има вработено само 5 медицински лица (сестри и негователи) кои дежураат во три смени.

За да ја оствари нормално, непречено и ефикасно основната дејност Заводот организациски е поделен на повеќе оддели и тоа: Оддел за едукација, оспособување за работна-производна активност и дневен центар за возрасни; Оддел за здравство и интернат со кујна; Оддел за општи и административни работи; Оддел за утврдување на правата на парична помош и потреба за помош и нега од друго лице.

НПМ спроведе увид во сите оддели, од увидот во **Одделот за едукација** беше утврдено дека стручната работа во истиот оддел комплетно е покриена со планирање и реализација од стручни лица - дефектолози распоредени во четири нивоа, со по една или две групи во секое ниво во зависност од моменталниот број на децата. Децата во соодветните нивоа односно групи се распоредени соодветно во зависност од календарската и менталната возраст, како и во зависност од нивните можности и способности.

Во **одделот за работно оспособување** корисниците се поделени во три групи за воспитно образовна работа и пет групи за практична настава и тоа: перална, домаќинство, авто-сервис, дрводелска работилница и металска работилница. Со корисниците работат три наставници-дефектолози и пет инструктори. При увидот во просториите за практична настава НПМ утврди дека во најголем дел се опремени со алати и машини за работа, но недостасуваат материјали за работа и заштитна опрема за корисниците (заштитни ракавици и соодветна облека и чевли за работење). Воедно некои од просториите не беа соодветно затоплени и осветлени.

Од увид во **Интернатскиот дел** (сместувачките капацитети) можеше да се констатира дека во спалните соби хигиената не е на задоволително ниво (во неколку соби се чувствуваше јака миризба на урина), а недостасува и доволно простор поради голем број на кревети во собите. Во состав на овој оддел има посебен санитарен чвор, а при увид во тоалетите НПМ утврди дека истите се ново направени со нови плочки и нови санитарии. Од увидот беше утврдено дека во нив има тушеви и бојлер кои функционираат уредно, додека хигиената во нив не е на задоволително ниво. НПМ смета дека истите треба редовно да се чистат и одржуваат се со цел да не се губи функционалноста на истите.

Примарната здравствена заштита во Заводот се одвива преку матичен лекар кој се наоѓа во близина на Заводот и е задолжен за ординирање на медикаментозна терапија или упатување на лекар специјалист. Лекарот кој е вработен во Заводот ја прати здравствената состојба кај сите корисници и се грижи за спроведување на терапијата и лекувањето.

Исто така во ЈУ има недостаток на човечки кадар, НПМ смета дека е потребно зголемување на бројот на технички персонал бидејќи дел од работниците заминале во пензија, а други не се примени па така објектите и корисниците се оставени само на 4 хигиеничари, а веќе подолго време немаат и хаусмајстор.

Како резултат на реализираната посета Народниот правобранител како Национален превентивен механизам подготви посебен извештај во кој ги констатираше позитивните и негативните состојби и даде соодветни препораки упатени до Министерството за труд и социјална политика и до директорот на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје со цел отстранување на идентификуваните недостатоци.